**Известување за концентрација со која Саудиско друштво за електродистрибуција, Саудиска Арабија, Сауди Арабиан Индастриал Инвестментс Компани, саудиска Арабија и 3Д Системс, Инк., САД стекнуваат заедничка контрола врз Национална компанија за индустриски иновации Саудиска Арабија**

**(Предмет бр. 08-164 од 2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 20.11.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со кои Саудиско друштво за електродистрибуција со седиште на Кула Ал-Фејсалија, улица Крал Фахд, округ Ал-Арид, број на поштенско сандаче 22955, Ријад 11416, Кралство Саудиска Арабија, Сауди Арабиан Индастриал Инвестментс Компани, со седиште на Кинг Калед Интернешнл Еирпорт Роуд, РОШН Предна Зграда Н4, број на поштенско сандаче 47340, Ријад 13413 3686, Кралство Саудиска Арабија и 3Д Системс, Инк, со седиште на 333 Три Д Системс Сркл Рок Хил, Јужна Каролина 29730, Соединетите Американски Држави, стекнуваат заедничка контрола врз Национална компанија за индустриски иновации, со седиште на Зграда 7925, Кинг Калед Интернешнл Еирпорт, Ријад, Кралство Саудиска Арабија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

Саудиско друштво за електродистрибуција е со седиште во Ријад и се занимава со производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија низ целото Кралство Саудиска Арабија (КСА). Друштвото поседува и управува со мрежите за пренос и дистрибуција на електрична енергија во КСА.

Саудиско друштво за електродистрибуција нема зависни друштва, подружници или претставништва во Северна Македонија, ниту пак остварува промет во Северна Македонија.

Сауди Арабиан Индастриал Инвестментс Компани инвестира во стратешки економски сектори за да го поддржи развојот на мултитрансформациски индустрии во сите индустриски сектори. Неговите активности вклучуваат сопственост, развој, изградба, користење, одржување, продажба, купување, изнајмување и лизинг на фиксни и подвижни материјални и нематеријални средства, истото делува како долгорочен инвеститор во индустриски проекти кои се усогласени со целите на Визијата 2030 на Саудиска Арабија.

Сауди Арабиан Индастриал Инвестментс Компани не продава производи или услуги во Северна Македонија, ниту е присутно во Северна Македонија.

Саудиско друштво за електродистрибуција и Сауди Арабиан Индастриал Инвестментс Компани остваруваат приходи во Северна Македонија преку зависни друштва.

3Д Системс нуди сеопфатни решенија на 3Д печатење и дигитално производство, вклучувајќи 3Д печатачи за пластика, метали, восок и био-мастила, материјали, софтвер, напредни услуги за производство и алатки за дигитален дизајн. 3Д Системс ги фокусира своите апликации во две клучни индустриски вертикали: здравствена заштита и индустрија.

Национална компанија за индустриски иновации е главно активно во обезбедување услуги за 3Д печатење. Овие услуги вклучуваат производство на прилагодени предмети со користење на технологија за 3Д печатење, прилагодени на специфичните барања на индивидуалните клиенти, истото снабдува и хардвер за 3Д печатење (т.е. печатачи), иако ова е неосновна дејност. Секторите што ги опслужува Национална компанија за индустриски иновации вклучуваат нафта и гас, енергетика, медицина, воздухопловство, одбрана, автомобилска индустрија, информатичка технологија, храна и пијалоци и стоки за широка потрошувачка.

За целите на оценка на оваа концентрација подносителот на известувањето предлага како релевантен пазар да се дефинира пазарот за услуги за 3Д печатење.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

24.11.2025 година
Скопје